Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0202 - 754/2
12. 07. 2018 год
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

## од шестата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 12 јули, 2018 г.

ЗАПИСНИК
Од 6-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 12 јули, 2018 г.

**Присутни**:

Петре Шилегов - Претседател на ЗЕЛС, Максим Димитриевски, Медат Куртовски, Жика Стојановски, Фатмир Дехари, Ивица Тошевски, Наташа Петровска, Благој Бочварски, Коста Јаневски, Саша Богдановиќ, Сашо Поцков.

Гости: -г. Арбер Адеми- Министер за образование и наука;
-Претставник од општина Чаир;
- Славица Перевска, Претседател на Мрежата на инспектори за патен сообраќај и превоз на патишта на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје при ЗЕЛС.

**Дискусија**:

Со поканата за оваа седница до членовите на Управниот одбор беше доставен следниот предлог:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на проблемите со кои се соочуваат општините во спроведување на надлежноста образование, со посебен осврт кон финансиските проблеми (присуство на Министерот за образование и наука г-дин Арбер Адеми);
2. Дискусија и утврдување на натамошни чекори, поврзани со примената на алатката за транспарентност и отчетност на избраните функционери на локално ниво;
3. Разгледување на иницијативата на општина Чаир за измена на Законот за градење;
4. Разгледување на барањата на општините Арачиново и Ранковце;
5. Разгледување на Иницијатива на Мрежата на сообраќајни инспектори при ЗЕЛС;
6. Разгледување на Иницијативи покренати од делегатите на втората седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;
7. Разно

ДНЕВНИОТ РЕД е усвоен едногласно.

Управниот Одбор на ЗЕЛС , во очекување на Министерот за образование и наука, одлучи редоследот на точките на дневниот ред да се промени и истиот да гласи:

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Разгледување на иницијативата на општина Чаир за измена на Законот за градење;
2.Разгледување на Иницијатива на Мрежата на сообраќајни инспектори при ЗЕЛС;
3.Дискусија и утврдување на натамошни чекори, поврзани со примената на алатката за транспарентност и отчетност на избраните функционери на локално ниво;
4. Разгледување на проблемите со кои се соочуваат општините во спроведување на надлежноста образование, со посебен осврт кон финансиските проблеми (присуство на Министерот за образование и наука г-дин Арбер Адеми);
5. Разгледување на барањата на општините Арачиново и Ранковце;
6. Разгледување на Иницијативи покренати од делегатите на втората седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;
7.Разно

**ПРВА ТОЧКА**: Разгледување на Иницијативата на општина Чаир за измена на Законот за градење;

Претставник од општина Чаир накратко ги образложи причините за изнесување на Иницијативата за измена на Законот за градење. Имено, станува збор за измена на членот 57 од Законот за градење, во делот на Категоризацијата на градбите, така што „Градби кои претставуваат заштитено недвижно културно наследство согласно со закон, ( поединечни добра, споменички целини без контактните зони и археолошки локалитети)“, наместо досегашното решение да бидат градби од Прва категорија, да се измени и истите да бидат градби од втора категорија и да бидат од локално значење, а одобрение за градење да издава градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините во Градот Скопје. Појасни дека иако акцентот е ставен на Старата скопска чаршија, сепак оваа измена би била во корист и на многу други општини на чија територија се наоѓа такво културно наследство.
Градоначалникот на општина Маврово и Ростуша, Медат Куртовски, ја поддржа оваа Иницијатива истакнувајќи дека централните власти потфрлуваат во грижата за ваквите објекти, а од друга страна општините се немоќни да превземат работи за подобрување на состојбата. Градоначалникот на општина Штип, Благој Бочварски истакна дека со овој проблем се соочуваат многу општини и дека смета дека проблемот е во самата категоризација на објектите. Исто така укажа дека треба да се најде соодветна формулација, конкретно решение кое би се предложило до надлежните министерства, но и на потреба од претпазливост при истакнување на барања.
Градоначалничката на општина Битола, Наташа Петровска посочи дека и општина Битола има проблем со објектите кои претставуваат културно наследство, дека тромавоста на институциите кои треба да водат грижа за истите, ги доведуваат во лоша состојба, а најмногу заради самата категоризација на објектите.
Во оваа насока беше отворена дискусија од страна на градоначалникот на општина Кичево, Фатмир Дехари кој посочи дека не треба да се заборави проблемот со дефицитарност на градежни

инспектори. На ова се надоврза и градоначалникот на општина Центар, Саша Богдановиќ кој информираше дека е формирана работна група при ЗЕЛС, задолжена за водење на преговори со МВР на РМ и наоѓање на можни решенија за проблемот со паркингот и дека наскоро ќе бидат изнесени конкретни предлози пред Управниот Одбор на ЗЕЛС.

Градоначалникот на Град Скопје и Претседател на ЗЕЛС Петре Шилегов, истакна предлог да се работи на добивање на надлежности со кои општините би имале можност да формираат комунална полиција.

**ЗАКЛУЧОК**: Се задолжува веќе формираната работна група при ЗЕЛС, задолжена за водење на преговори со МВР на РМ и наоѓање на можни решенија за проблемот со паркингот со која претседава Градоначалникот на општина Центар, Саша Богдановиќ, да ги разгледа поединечните иницијативи поврзани со Закон за градење од страна на општините Чаир и Кичево и да изготви сублимиран став кој ќе го достави до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, како орган - координатор на активности за изработка на реформи на законите кои го уредуваат планирањето, развојот и контролата на изградбата на просторот.

**ВТОРА ТОЧКА:** Разгледување на Иницијатива на Мрежата на сообраќајни инспектори при ЗЕЛС;

Славица Перевска, локален инспектор од општина Велес, како Претседател на Мрежата на инспектори за патен сообраќај и превоз на патишта на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје при ЗЕЛС, ја образложи состојбата и потребата за интервенирање во соодветни законски одредби од Законот за јавни патишта и Законот за превоз во патниот сообраќај. Истакна дека благодарение на ЗЕЛС, одредени барања во врска со Предлог законот за измена и дополнување на Закон за превоз во патниот сообраќај кој е во собраниска процедура, се веќе вметнати во самиот текст, но посочи дека бидејќи се предвидуваат повеќе аспекти кои ги засегнуваат општините, а како би можело да се врши ефикасен инспекциски надзор, потребни се дополнителни измени. Накратко ги образложи проблемите со кои се соочуваат инспекторите. Го истакна проблемот околу временото одземање на возила од страна на инспекторите, кој не е доволно регулиран со постојните законски одредби, го посочи бавното фискализирање на таксиметрите, при што на терен инспекторите се соочуваат со проблем при вршењето на надзорот. Понатаму истакна дека согласно предложените измени се предвидуваат нови глоби за кои инспекторите сметаат дека се некоректни и нелогични. Посочени беа и проблеми поврзани со одредбите од Законот за јавни патишта, околу регулирањето на постапките за добивање решение за траен и времен режим на сообраќај, бидејќи истите се однесуваат само за државните патишта, а не и за локалните патишта. Беа истакнати и бројни други проблеми околу вршењето на инспекциски надзор, како надзорот над зонското паркирање, надзорот над спроведувањето на Одлуките за достава на стока. Исто така информираше за постоење на работна група која работи на изготвување на предлог-текст за измени на Законот за јавни патишта, кој понатаму би се доставил во понатамошна процедура.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС ја усвои Иницијативата на Мрежата на инспектори за патен сообраќај и превоз на патишта на единиците на локалната самоуправа и градот Скопје при ЗЕЛС. Се задолжува стручна служба на ЗЕЛС да ја достави до надлежните институции.

**ТРЕТА ТОЧКА**: Дискусија и утврдување на натамошни чекори, поврзани со примената на алатката за транспарентност и отчетност на избраните функционери на локално ниво;

По оваа точка Градоначалникот на Град Скопје и Претседател на ЗЕЛС, Петре Шилегов потсети дека на претходната седница на Управниот Одбор на ЗЕЛС е презентирана оваа тема и дека станува збор за алатка за отчетност на трошоците на носителите на јавни функции на централно ниво, која би можела да се користи и за функционерите на локално ниво, дека ниту Владата на Република Македонија, ниту Управниот Одбор на ЗЕЛС не може да ја наметне обврска на единиците на локалната самоуправа за користење на оваа алатка, но пожелно е да се користи, за поголема отчетност и транспарентност во трошењето на јавните финансии.
Во таа насока Извршниот директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ информираше за спроведени обуки во просториите на ЗЕЛС за изготвување на финансиски и наративни извештаи за службени трошоци на носителите на јавни функции, за начинот на спроведување на целата постапка, како и за тоа дека за да можат единиците на локална самоуправа да ја користат оваа алатка, потребно е да се преземат дополнителни процедури и надградби во самиот систем. Исто така посочи за постоење на можност ЗЕЛС да изготви паралелна алатка која би се однесувала на единиците на локалната самоуправа.
По ова прашање се отвори дискусија од страна на Градоначалникот на општина Куманово, Максим Димитриевски кој посочи на нелогичности на самата алатка, од аспект на тоа дека би се покажала голема разлика во податоците за трошоците помеѓу општините. На ова се надоврза и градоначалникот на општина Штип, кој истакна дека не би било рамноправно да се споредуваат трошоците помеѓу општините, а за тоа наведе пример дека поголемите општини организираат повеќе настани и манифестации, за кои се потребни средства, па дури и финансираат настани во помалите општини. Посочи дека треба да се разгледаат сите аспекти и импликации од користење на една ваква алатка.
Градоначалникот на општина Кичево,Фатмир Дехари смета дека самата завршна сметка претставува преглед на сите трошоци, така што ирелевантно е дали отчетноста на трошоците би била на месечно или на годишно ниво.

По оваа тема не беше донесен конкретен заклучок.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Разгледување на проблемите со кои се соочуваат општините во спроведување на надлежноста образование, со посебен осврт кон финансиските проблеми;

Градоначалникот на Град Скопје и Претседател на ЗЕЛС, Петре Шилегов појасни дека голем е проблемот со кој се соочуваат општините при спроведување на надлежностите од областа на образованието, во поглед на обезбедување на соодветен превоз на ученици.
За надминување на проблемите и изнаоѓање на квалитетни решенија за истите, на оваа седница на Управниот Одбор на ЗЕЛС присуствуваше и Министерот за образование г. Арбер Адеми.

Градоначалничката на општина Битола, Наташа Петровска накратко го елаборираше проблемот и особено ја истакна кулминацијата на состојбата во која се наоѓаат училиштата во општина Битола, поради неподмирени, а доспеани долгови, најмногу по основ на обезбедување на превоз на ученици, а укажа дека блокираноста на сметките на училиштата води кон колапс на образованието. Посочи дека согласно Законот за средно образование начинот на спроведување на бесплатниот превоз за учениците го уредува Министерот за образование и наука, но таков подзаконски акт сеуште не е

донесен. Исто така истакна дека согласно овој Закон учениците имаат право на бесплатен превоз ако местото на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри, но горната граница не е дефинирана, па така превозот треба секако да биде обезбеден, а трошоците се поголеми, во зависност од оддалеченоста. Исто така истакна дека постојат и проблеми околу спроведување на тендерските постапки за набавка на услуги за вршење на превоз на ученици бидејќи истите најчесто не завршуваат позитивно, од причина на незаинтересираност на економските оператори, бидејќи истите се запознаени со финансиските проблеми на училиштата. Проблем со тендерските постапки, особено во руралните средини и тешко достапни места, се појавува и при спроведување на Законот за превоз во патниот сообраќај. Имено, согласно овој Закон, ограничена е категоријата на возила со кои може да се врши посебен линиски превоз на ученици. Во практиката за вршење на посебен линиски превоз на ученици во руралните средини и тешко достапни места, се наметнува потреба од користење на друг тип на возила (теренски возила), кои согласно наведениот Закон, не се предвидени како категорија на возила со кои би можело да се извршува ваков тип на превоз.

Појдовна точка за решавање на овие проблеми би била изготвување на Правилник за начинот на организирање на бесплатниот превоз на ученици од страна на Министерот за образование и наука, како побрзо решение од носење на законски измени.

Исто така беше истакнато повеќегодишното барање за зголемување на блок-дотациите. Општините генерират трошоци по основ на греење, електрична енергија, зголемни трошоци за превоз по основ на зголемување на цена на нафта и сл.

Градоначалникот на Град Скопје и Претседател на ЗЕЛС, Петре Шилегов истакна дека е потребно да се најде практично решение кое ќе спречи генерирање на нови долгови, а потоа да се санираат заостанатите долгови. Предложи дека решението треба да се бара во законски измени така што би се наложило да секој што е носител на лиценца за вршење на превоз на патници, мора да биде достапен и за вршење превоз на ученици, за што би се водело евиденција и би добил соодветен надомест, согласно утврдените цени.

По отворената дискусија, Министерот за образование и наука, г. Адеми информираше дека е запознаен со проблемите во кои се наоѓаат општините при спроведувањето на надлежностите од областа на образованието и истакна волја за решавање на истите. Ако се погледне процентот ќе се увиди дека околу 90% од средствата од блок дотациите, општините ги користат за исплаќање на плати, по што укажа на потреба од рационализација. Истакна дека е потребно подробно разгледување на состојбата со трошоците за превоз и разликите во цените кои се наплаќаат за вршење на истиот, како и дека смета дека решението за овој проблем треба да биде поставено алтернативно.

**ЗАКЛУЧОК:**

1. Се задолжува стручната служба на ЗЕЛС да достави Допис до сите општини со барање за достава на информација за состојбата на долговите на училиштата.

2. Се формира работна група составена од Наташа Петровска , Градоначалничка на општина Битола, Максим Димитриевски, Градоначалник на општина Куманово, Теута Арифи, Градоначалничка на општина Тетово, Ивица Тошевски, Градоначалник на општина Ранковце и Фатмир Дехари, Градоначалник на општина Кичево, двајца претставници од Министерството за образование и наука, која ќе биде задолжена за изготвување на предлог-решенија за надминување на проблемите на долговите на училиштата.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Разгледување на барањата на општините Арачиново и Ранковце;

За збор се јави градоначалникот на општина Ранковце, Ивица Тошевски кој накратко ја образложи тешката положбата во која се наоѓа општината и упати апел за помош за излез од истата. Имено Општина Ранковце се наоѓа во многу тешка финансиска состојба, трезорската сметка на општината е блокирана, аналогно на тоа не можат да се вршат плаќања, не се платени основните комунални услуги, блокирани се картичките за гориво, поради што нема гориво за службено возило на општината и за специјалното службено противпожарно возило на ТППЕ Ранковце, телефонските линии на општината не се во функција, ниту интернет услугите. Од тие причини општината нема ниту пристап до електронскиот систем за јавни набавки, е-урбанизам, е-катшалтер, а со оглед на тоа општината не може да ги извршува своите дејности и должности. Упати апел за помош за излез од лошата состојба.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор на ЗЕЛС бара од Владата на Република Македонија што поскоро решавање на проблмите на општините со блокирани сметки, како и забрзување на процедурата за одобрување на долгорочниот кредит за намирување на долговите на општините.

Од друга страна пак општина Арачиново има доставено Барање до Владата на Република Македонија, потоа препратено и до ЗЕЛС, во кое барање се посочува дека општината била зафатена од силно невреме, проследено со пороен дожд, град и поплава на дел од домаќинствата. Известува дека е формирана Комисија за процена на штети, но дека согласно методологијата за процена на штети членовите во истата треба да бидат стручни лица од областа на земјоделието, механизацијата, градежништво и сл. Со оглед да општината нема стручни лица, бара испраќање на стручни лица од надлежните Министерства, кои заедно со локалната комисија на терен би ја утврдиле настанатата штета.

По ова барање Градоначалникот на Град Скопје и Претседател на ЗЕЛС, Петре Шилегов истакна дека ќе се обиде да упати помош на општина Арачиново преку упатување на стручен кадар со цел утврдување на настанатата штета.

Скопје 12 јули, 2018 г.

Составил:
Стручната служба на ЗЕЛС